

**ШТРБОВО – ДОЛНОПРЕСПАНСКА ВИКЕНД НАСЕЛБА**

**Кога се пишува и зборува за селото Штрбово, секогаш се мисли на Долно Штрбово, кое се наоѓа на десната страна на асфалтниот пат Макази-Маркова Нога. Тоа го зафаќа средишниот дел на источната страна на брегот на Големото Преспанско Езеро, во подножјето на Баба Планина**

Селото Штрбово е планинско, и се издига на надморска височина од околу 900 метри, чиј атар зазема простор од околу 10 километри квадратни. Во него преовладуваат шуми, пасишта и обработливо земјиште.

Штрбово е старо христијанско село во кое секогаш живееле православни Македонци. Се претпоставува дека настанало во XV век, а можеби и порано. Тоа најпрво се споменува во Слепчевскиот кодик од 1548 година

Се пренесуваат сеќавања дека Штрбово трипати било дислоцирано. За потеклото на

името на селото Штрбово постојат две преданија. Според првото предание, бегот што ја поседувал земјата бил штрб во забите, а според другото, селото го добило името од обликот на земјиштето каде било сместено.

Првата локација на селото била месноста Чешура, која подоцна во народниот говор се преобразува во Шешури. Местото каде што било првобитно селото е вдлабнатина, како чаша. Поради тоа, селото го добило името во множинска смисла, бидејќи било сместено на повеќе вдлабнатини што личеле на чаша – Чешури.

И хроничарот на ова село, м-р Јонче Филиповски, смета дека Штрбово името го добило по обликот на земјиштето, односно кога првото село настанало во штрбнатото земјиште.

Штрбово е убаво македонско село од збиен тип, со околу 70 куќи, сите новоизградени. На куќите преовладуваат белите фасади, а околу нив има овошни и други насади. Во селото се наоѓаат повеќе локалитети од археолошко значење и тоа: Грмада, Гура, Крес, Куќишта, Нивје и други.



*Црквата „Св. Никола“*

Во Штрбово постојат осум верски објекти и тоа: македонските православни цркви „Свети Атанас“, изградена во 1930 година, каде се и селските гробишта, потоа црквите „Свети Никола“ (во Горно Село), „Света Богородица“, изградена меѓу двете светски војни од мештанинот Гоце Мирчевски (Василевски), а обновена во 1990 година од мештанинот Јонче Диневски, иселеник во Торонто, другата црква „Света Богородица“, како и црквите „Света Петка“, „Свети Јован Крстител“ и „Свети Тома“, која се наоѓа во центарот на селото, а е изградена во 1990 година од мештанинот Бошко Филиповски.

До Втората светска војна во Штрбово немало ниту еден човек со завршено средно образование, но во слободна Македонија со вишо или високо образование се стекнале преку педесеттина штрбовчани.

Денес многу интектуалци од Штрбово се стекнале и со научни звања, магистри и доктори на науки. Од Штрбово потекнуваат д-р Владимир Филиповски, професор на Економскиот факултет во Скопје; д-р Јулија Филиповска, професор на Универзитетот во Барцелона, Шпанија, потоа м-р Јонче Филиповски и факултетски образованите штрбовчани, меѓу кои Митре Фотевски, Цветко Цветковски, Спасе Диневски, Блаже Диневски, Спасе Кирјаковски, како и иселениците Блаже, Славе и Јонче Малинајдовски во Охајо, Јонче Диневски во Торонто и други.

Посебно место му припаѓа на Никола-Коле Гроздановски, кој е и лекар и сликар роден во Штрбово, а живее во Загреб. Често за него се вели дека е уметник од Загреб, лекар од Охрид и вљубеник во Преспа. Овој познат и признат Македонец беше првиот претседател на Македонската заедница во Хрватска.


GROZDANOVSKI NIKOLA
KOLE







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**